бул. „Кузман Јосифовски - Питу“ бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# БАРАЊА И ОДГОВОРИ ПО ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Реден број: | 1 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-3873/2 |
| Датум: | 03.07.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. Колкав е процентот на компании – заштитни друштва кои добија финансиска подршка како дел од пакетот на мерки кои Владата ги додели на компаниите заради пандемијата Covid-19?<br>2. Колкав е процентот на компании - трговец поединец регистрирани согласно законот за вработување на инвалидни лица кои добија финансиска подршка како дел од пакетот на мерки кои Владата ги додели на компаниите заради пандемијата Covid-19?<br>3. Да ни доставите евиденција на компании - заштитни друштва трговци поединци и одружници на компании кои се регистрирани како заштитни фирми расчленети по регионална застапеност и дејност.<br>4. Дали имате направено анализа за ефектот на економската мерка зголемување на акцизата врз заедницата со хендикеп? Доколку немате, кога би можеле да ја очекуваме. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска доставениот допис, со кој побарана е информација, колкав е процентот на компании – заштитни друштва кои добија финансиска поддршка како дел од пакетот на мерки кои Владата ги додели на компаниите заради пандемијата Covid-119, колкав е процентот на компании-трговец поединец регистрирани согласно Законот за вработување на инвалидни лица кои добија финансиска поддршка како дел од пакетот на мерки кои Владата ги додели на компаниите заради пандемијата Covid-19 и барањето информација да Ви се достави евиденција на компании - заштитни друштва трговци поединци и подружници на компании кои се регистрирани како заштитни фирми расчленети по регионална застапеност и дејност, како имател на информации од јавен карактер Ве известуваме за следното:<br>1. Колкав е процентот на компании – заштитни друштва кои добија финансиска поддршка како дел од пакетот на мерки кои Владата ги додели на компаниите заради пандемијата Covid-19, се произнесуваме за следното: |

| Активни заштитни друштва - ПЛ | 296 | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мерка | 04/2020 | 05/2020 | 06/2020 | Вкупно |
| Финансиска поддршка 14.500 | 119 | 133 | 118 | 147 |
| Субвенционирање 50% придонеси | | 1 | 1 | 1 |
| СВД што вработуваат инвалиди | 283 | | | |
| Мерка | 04/2020 | 05/2020 | 06/2020 | Вкупно |
| Финансиска поддршка 14.500 | 22 | 27 | 30 | 36 |
| Субвенционирање 50% придонеси | 2 | 3 | 1 | 3 |

2. Колкав е процентот на компании-трговец поединец регистрирани согласно Законот за вработување на инвалидни лица кои добија финансиска поддршка како дел од пакетот на мерки кои Владата ги додели на компаниите заради пандемијата Covid-19, во моментов Управата за јавни приходи, се произнесуваме за следното:

| СВД што вработуваат инвалиди | 283 | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мерка | 04/2020 | 05/2020 | 06/2020 | Вкупно |
| Финансиска поддршка 14.500 за самостојни вршители на дејност | 95 | 95 | 94 | 106 |

Во однос на третото прашање со кое барате да Ви биде доставена евиденција на компании - заштитни друштва, трговци поединци и подружници на компании кои се регистрирани како заштитни фирми расчленети по регионална застапеност и дејност, се утврди дека согласно надлежностите на Управата за јавни приходи, истата не се јавува како имател на информациите кои ги барате, туку, како имател се јавува Заедницата на заштитни друштва на Македонија – ЗАПОВИМ. По однос на ова прашање, Управата за јавни приходи согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе изготви допис и истиот ќе го препрати на надлежност и понатамошно постапување,до Заедницата на заштитни друштва на Македонија – ЗАПОВИМ.

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Реден број: | 2 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-3927/1 |
| Датум: | 04.07.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Се обраќам до Вам со барање да ме информирате дали станот кој што се наоѓа на улица: Бул. С.Б. бр.ххх, населба Лисиче кој е во споственот на ххх истиот е се уште во нејзина сопственост или се работи за промена на водомерно броило на име на ххх, односно дали истиот е дадена на Закуп? Во прибавување на оваа информација се повикувам на законот за инфомации од јавен карактер. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска првото прашање „дали станот кој што се наоѓа на улица Булевар Смилевски Бато бр.40 Населба Лисиче кој е во споственот на ххх истито е се уште во нејзина сопственост„ Министерство за финансии, Управа за јавни приходи – Скопје, не управува со регистарот на недвижности и не располага со податоци за сопственост на недвижен имот, кои се во надлежност на Агенција за катастар на недвижности - препратено до Агенција за катастар на недвижности.<br>Во врска второто прашање „или се работи за промена на водомерно броило на име ххх„ Министерство за финансии, Управа за јавни приходи – Скопје, не е имател на податоци и информации водомерни броила, кои се во надлежност на ЈП Водовод и канализација - препратено до ЈП Водовод и канализација.<br>Во однос на третото прашање имателот на информации утврди дека бараната информација спаѓа во информациите до кои пристапот може да биде одбиен од страна на имателот согласно член 6, став, 1 точка 4 од ЗСПИЈК, односно дека е тоа информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка.<br>Имено, со цел остварување на надлежностите утврдени со закон Управата за јавни приходи, прибира и располага со податоци потребни за вршење на работите на оданочување. Податоците кои ги прибира и со кои располага служат исклучиво за даночни цели, односно за спроведување на оданочувањето.<br>Управата за јавни приходи е должна да обезбеди заштита и доверливост на податоците и информациите за даночните обврзници до кои доаѓа во даночната постапка, односно податоците и информациите од даночна постапка подлежат на обврската за чување на даночна тајна согласно член 9 од Законот за даночна постапка ("Службен весник на РМ", бр.13/06....275/19). |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 3 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-4379/1 |
| Датум: | 23.07.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 11. Обрасци кои што ги користат граѓаните при доставување поднесоци до УЈП, а особено обрасци на барања од граѓаните за издавање реални акти што се издаваат редовно і<br>12. Тарифници за надоместоци за издавање реални акти – УЈП по однос на тарифници за поднесоци постапува согласно Законот за административни такси |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Бараните податоци се објавени на веб страната на Управата за јавни<br>(*види линк* [http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/pregled/filter/0/11](http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/pregled/filter/0/11))<br>(*види линк* [http://www.ujp.gov.mk/mk/plakjanje](http://www.ujp.gov.mk/mk/plakjanje)) |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 4 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-4380/1 |
| Датум: | 23.07.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | сакам да ја купам колата на ххх. марка KIA CEED 1.4CVVT, со регистрација ххх. ме интересира дали истата е под залог, хипотека или некаква друга состојба која би ми причинувала проблем понатака. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | бараната информација спаѓа во информациите до кои пристапот може да биде одбиен од страна на имателот согласно член 6, став, 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/2019) и член 9 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ", бр.13/06....275/19), давањето податоци по бараната информација би значело повреда на доверливоста на даночната постапка. |
| Реден број: | 5 |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Архивски број на поднесено барање: | 02-4474/1 |
| Датум: | 28.07.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Ве молам дали може да добијам информација дали фирмата од Прилеп ххх со даночен број ххх има земено парични средства за плата за вработените за месец Април. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | На ден 30.07.2020 година на веб страната на Владата на РСМ објавена е листа на компании на кои им е исплатена државна помош за минимална плата, а тие не ги уплатиле средствата на своите вработени. Погледнете ја ажурираната табелата во PDF или EXCEL формат на линкот кој Ви го доставувам во прилог.<br>(*види линк:* *https://vlada.gov.mk/node/22164*) |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 6 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-4843/1 |
| Датум: | 14.08.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. Листа на компании кои ја искористија мерката за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход и на износот на аконтациите на данок на добивка за месеците март, април и мај 2020 година.<br>2. Листа на компании корисници на мерката за помош од 14.500 денари месечно за секој вработен, за месеците април и мај.<br>3. Листа на компании корисници на мерката за покривање на 50% од придонесите на платите на своите вработени.<br>4. Доколку се достапни, следниве информации за компаниите од точките погоре: број на вработени мажи и жени во компаниите на кои мерката им била одобрена.<br><br>Ве молиме листите на ни ги доставите во електронски формат пр. xls или .csv, доколку е возможно |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Податоците и информациите од даночната постапка подлежат на обврската за чување на даночна тајна согласно член 9 од Законот за даночна постапка ("Службен весник на РМ", бр.13/06....275/19). |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 7 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-4792/1 |
| Датум: | 13.08.2020 |

| | |
|---|---|
| Опис на информација до која се бара пристап: | Од Влада препратено барање за пристап до информации од јавен карактер од ЗМАИ во врскапроектна активност „Одговор на социо – економските ефекти од КОВИД-19 преку подршка на ранливите групи на ниско платени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работници„ со обезбедување на два сета на податоци од јавен карактер и тоа:<br>1. Првиот сет на податоци вклучува податоци кои се однесуваат на конкретни економски мерки за справување со кризата предизвикана од вирусот КОВИД – 19 во текстилната индустрија, поточно листа на компании кои искористиле некоја од мерките предвидени од страна на Владата на РСМ, во кој регион се наоѓаат текстилните компании кои побарале подршка и број на вработени кои добиле шпомош преку некој аод мерките.<br>2. Вториот сет на податоци се однесува на финансиската подршка на текстилните компании, согласно различните типови на директна помош од Законот за финансиска подршка на инвестции во изминатите две години:<br><br>а) Поддршка за нови вработувања;<br>б) Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија;<br>в) Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;<br>г) Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;<br>д) Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи;<br>ѓ) Поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии<br><br>Како и видови на финансиска поддршка за конкуретност:<br>а) Поддршка за зголемување на конкуретност на пазрот;<br>б) Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба,<br><br>и потреба од доставување на листа на компании од текстилната индустрија кои искористиле некоја од предвидените мерки за финансиска подршка на инвестиции во последните две години. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска проследеното барање на надлежност од страна на Генералниот секреаријат при Владата на РСМ, од страна на Управата за јавни приходи како имател на информации од јавен карактер се констатираше дека Управата за јавни приходи по слично барање број 02-4374/1 од 22.07.2020 година насловено „ "Одговор на социо-економските ефекти од КОВИД-19 преку поддршка на ранливите групи на ниско платени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работници", ЗМАИ Скопје реализира истражувачки активности за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на анонимизирани микроподатоци од MPIN евиденција за вработувањата во текстилната индустрија за последните 3 години, на месечно ниво, за ист барател / „Здружение за истражување и анализи-ЗМАИ„ има доставено позитивен одговор со Решение за одбрување на барање до информации од јавен карактер, па согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ„ број 13/06...101/2019) Ви се доставува ова Известување. Имено, со податоците од двата сета кои ги наведувате во барањето, цениме дека надлежно за да даде одговор е Министерството за економија согласно донесениот план за економски раст и член 34 од Законот за финансиска подршка на инвестиции (Сл.весник на РМ бр.83/18...124/19). Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето ќе се проследи на запознавање и натамошно постапување, до Министерството за економија." |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 8 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5154/1 |
| Датум: | 31.08.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Центар за истражување и креирање политики vo forma na xls или csv бара податок за број на мажи и број на жени кои добиле ваучер за туризам од 6.000 денари како финансиска помош за време на кризата со COVID – 19. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето ќе се проследи на запознавање и натамошно постапување до Министерството за економија. |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Реден број: | 9 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5198/1 |
| Датум: | 01.09.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Колку вкупно лица биле опфатени со обезбедена парична помош за исплата на плата во вредност од 14.500 денари за периодот од 11.03.2020 година до 31.07.2020 година, со напомена вкупниот износ да се подели по пол и општина и да се наведе колкав број од лицата за кои е обезбедена парична помош се уметници, а колкав број од истите се спортски работници |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Владата на РСМ и Агенција за млади и спорт. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 10 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5294/1 |
| Датум: | 07.09.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Барање информации одговор/ причини поради кои не ми е извршена исплатата на ДДВ за физички лица за второто тримесечие? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Барањето е проследено на надлежност и постапување до info@ujp.gov.mk за проверка и обработка од страна на надлежен Сектор/Одделение. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 11 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5516/1 |
| Датум: | 18.09.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Бара информација/одговор Ве молиме за одговор како буџетски корисник од прв ред, за буџетска 2020 година а како резултат на Ковид-19 ефектите дали:<br>1) Според член 11 од Законот на буџетите, а во рамки на централниот буџет се планирани средства за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, во текот на 2020 до сега дали сте ја искористиле можноста за користење на овие средства и тоа:<br>2) Дали сте барале и користеле од постојаната буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?<br>3) Дали истите се зголемиле со прераспределба, за вас како буџетски корисник, ако да во која висина?<br>4) Дали сте барале и користеле од тековната буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?<br>5) Дали како резултат на пандемијата со Ковид-19 како буџетски корисник од прв ред, сте вршеле јавни набавки со постапки кои се надвор од „вообичаените" постапки за јавни набавки (поради вонредни ситуации, епидемии, итност и сл.)? Ако да ве молиме наведете за што, и во која висина? Каква постапка е користена?<br>6) Дали сте користеле други механизми за распределба и трошење на буџетски средства во услови на вонредни и непредвидени ситуации како резултата на Ковид-19? Ако да, ве молиме наведете кои? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | 1. Според член 11 од Законот на буџетите, а во рамки на централниот буџет се планирани средства за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, во текот на 2020 до сега дали сте ја искористиле можноста за користење на овие средства и тоа:<br>Дали сте барале и користеле од постојаната буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?<br>**Одговор**: Не<br>Дали истите се зголемиле со прераспределба, за вас како буџетски корисник, ако да во која висина?<br>**Одговор**: Не<br>Дали сте барале и користеле од тековната буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?<br>**Одговор**: Не<br>2. Дали сте користеле други механизми за распределба и трошење на буџетски средства во |

| | |
|---|---|
| | услови на вонредни и непредвидени ситуации како резултата на Ковид-19? Ако да, ве молиме наведете кои?<br>**Одговор**: Не<br>3. Дали како резултат на пандемијата со Ковид-19 како буџетски корисник од прв ред, сте вршеле јавни набавки со постапки кои се надвор од „вообичаените" постапки за јавни набавки (поради вонредни ситуации, епидемии, итност и сл.)? Ако да ве молиме наведете за што, и во која висина? Каква постапка е користена?<br>**Одговор**: Како резултат на пандемијата со Ковид-19 спроведена е една постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 55 став 6 од Законот за јавни набавки за набавка на средства за дезинфекција во износ од 603.400,00 денари без ДДВ (633.570,00 денари со ДДВ), а согласно член 40 од Законот за јавните набавки до 1000 евра во денарска противвредност беа набавени маски и до 500 евра во денарска противвредност беа набавени ракавици." |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 12 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6454/1 |
| Датум: | 27.10.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | За потребите на новинарски текст побарана е информација со достава на список на фирми од угостителска и туристичка дејност кои зеле финансиска подршка за минимална плата и за придонеси на вработените на фирмите погодени од кризата со COVID -19. Исто така се бара покрај списокот на фирмите да се достави и информација и за тоа на која фирма колку средства и се исплатени, |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Владата на РСМ. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 13 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6912/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 30 - Поддршка со плати за туристичките водичи:<br>• Колку туристички водичи добиле поддршка преку оваа мерка?<br>• Колку туристички водичи аплицирале за оваа мерка? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Министерство за Економија. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 14 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6911/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 1 - Државата спасува работни места, 14.500 денари месечно по вработен за април и мај, за компании погодени од кризата или 50% од трошоците за придонеси за секој вработен:<br>• Колку компании аплицирале?<br>• Колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>• Колку вработени опфатила оваа мерка? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | (табела подолу) |

| БФП-ИП (финансиска поддршка за април, мај, јуни) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Период | Бр. на одобрени барања БФП-ИП | Бр. на ДО кои добиле финансиска поддршка | Бр. на вработени кои користеле финансиска поддршка | Износ на финансиска поддршка |
| 04/2020 | 21.363 | 19.826 | 128.165 | 1.796.282.702 |
| 05/2020 | 21.087 | 19.999 | 119.114 | 1.671.755.264 |
| 06/2020 | 19.235 | 18.172 | 101.585 | 1.420.066.089 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 15 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6910/1 |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 36 - Грантови за игротеки за деца:<br>• Колку компании аплицирале?<br>• Колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>• Колку вработени опфатила оваа мерка?<br>• Колку средства биле доделени? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Министерство за Економија. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 16 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6909/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 27 - Платежни картички за граѓаните за поголема потрошувачка и за развој на домашните економски дејности:<br>• Колку граѓани аплицирале?<br>• Колку граѓани ја искористиле оваа мерка?<br>• Колку средства биле доделени? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Министерство за Економија. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 17 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6908/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 13 - 50 милиони евра евтини кредити од Развојната банка на Република Северна Македонија пласирани преку комерцијалните банки за заштита на ликвидноста на компаниите:<br>• Колку компании аплицирале?<br>• Колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>• Колку вработени опфатила оваа мерка?<br>• Колку средства биле доделени? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Развојна банка. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 18 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6907/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 34 - Грантови за ресторани за свадби:<br>• Колку компании аплицирале?<br>• Колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>• Колку вработени опфатила оваа мерка?<br>• Колку средства биле доделени? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Министерство за Економија. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 19 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6906/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 26 - Поддршка за исплата на плати, која продолжува да важи и за последниот квартал од годината, односно и за месеците октомври, ноември и декември:<br>• Колку компании аплицирале?<br>• Колку компании ја искористиле оваа мерка? |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | • Колку вработени опфатила оваа мерка?<br>• Колку средства биле доделени? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | (табела подолу) |

| БФП-ИП/2 (финансиска поддршка за октомври, ноември, декември) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Период | Бр. на одобрени барања БФП-ИП | Бр. на ДО кои добиле финансиска поддршка | Бр. на вработени кои користеле финансиска поддршка | Износ на финансиска поддршка |
| 10/2020 | 13.796 | 12.368 | 60.700 | 945.210.474 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 20 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6905/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 12 - Дополнителни бескаматни кредити за фирмите од нови 8 милиони евра:<br>• Колку компании аплицирале?<br>• Колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>• Колку вработени опфатила оваа мерка?<br>• Колку средства биле доделени? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Развојна банка. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 21 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6904/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 32 - Грантови за туристички агенции од 3.000 до 7.000 евра:<br>• Колку компании аплицирале?<br>• Колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>• Колку вработени опфатила оваа мерка?<br>• Колку средства биле доделени? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Министерство за Економија. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 22 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6903/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 21 - Субвенционирање на 50% од придонесите за вработените во компании од секторите туризам, транспорт и угостителство и други компании погодени од корона вирусот:<br>• Колку компании аплицирале?<br>• Колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>• Колку вработени опфатила оваа мерка?<br>• Колку средства биле доделени? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | (табела подолу) |

| БС-П3СО (50% придонеси за април, мај, јуни) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Период | Бр. на одобрени барања БС-П3СО | Бр. на ДО од налози доставени од МТСП за исплата на субвенции | Бр. на вработени за кои користено субвенционирање на придонеси | Износ на субвенционирани придонеси |
| 04/2020 | 2.532 | 1.652 | 11.669 | 36.608.376 |
| 05/2020 | 2.465 | 1.868 | 12.915 | 40.822.665 |
| 06/2020 | 2.137 | 1.655 | 12.096 | 38.198.174 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 23 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6902/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 4 - Паричен надоместок за граѓаните што останале без работа поради кризата, согласно работниот стаж преку Агенцијата за вработување:<br>• Колку граѓани аплицирале?<br>• Колку граѓани ја искористиле оваа мерка? |

| | |
|---|---|
| | • Колку невработени опфатила оваа мерка? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Агенција за вработување. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 24 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6901/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 31 - Поврат на туристичката такса за 2019 година за поддршка на секторот туризам, како еден од најпогодените од кризата:<br>• Колкав процент од предвидената сума е искористен? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Министерство за Економија. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 25 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6900/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 20 - Финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година во износ од 14.500 денари месечно за физичките лица кои вршат самостојна дејност:<br>• Колку граѓани аплицирале?<br>• Колку граѓани ја искористиле оваа мерка? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.02-6900/1 од 16.11.2020 година во однос на мерка 20 – Финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година во износ од 14.500 денари месечно за физички лица кои вршат самостојна дејност, односно колку граѓани аплицирале и колку граѓани ја искоритиле оваа мерка, Ви ги доставуваме следните податоци.<br>Период / Број / Износ:<br>04/2020 / 5818 / 84.361.000<br>05/2020 / 6022 / 87.319.000<br>06/2020 / 5964 / 86.478.000 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 26 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6899/1 |
| Датум: | 16.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Во однос на Мерка 3 - Помош за уметниците:<br>• Колку уметници аплицирале?<br>• Колку уметници ја искористиле оваа мерка? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето е проследено на запознавање и натамошно постапување до Министерство за култура. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 27 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6997/1 |
| Датум: | 19.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. Број на мажи и жени кои добиле финансиска поддршка со мерката за помош од 14.500 денари месечно.<br>2. Број на мажи и жени кои добиле финансиска поддршка со мерката за покривање 50% од придонесите на платите месечно. |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер:

| Вкупен број на компании и вработени за ФП кои се фатени во налог по период | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Период | Компании /ФП | Вработени/ФП | Мажи _ФП | Жени_ФП |
| 04/2020 | 19.818 | 128.631 | 67.270 | 61.361 |
| 05/2020 | 19.988 | 119.556 | 63.896 | 55.660 |
| 06/2020 | 18.159 | 102.032 | 54.122 | 47.910 |
| Вкупен број на компании и вработени за ФП кои се фатени во налог по налог | | | | |
| Период | Компании /ФП | Вработени/ФП | Мажи _ФП | Жени_ФП |
| Април, Мај и Јуни | 22,186 | 144,269 | 76,368 | 67,901 |

| БС-ПЗСО (50% придонеси за април, мај, јуни) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Период | Бр. на одобрени барања БС-ПЗСО | Бр. на ДО од налози доставени од МТСП за исплата на субвенции | Бр. на вработени за кои е користено субвенционирање на придонеси | Износ на субвенционирани придонеси |
| 04/2020 | 2.532 | 1.652 | 11.669 | 36.608.376 |
| 05/2020 | 2.465 | 1.868 | 12.915 | 40.822.665 |
| 06/2020 | 2.137 | 1.655 | 12.096 | 38.198.174 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 28 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-7071/1 |
| Датум: | 23.11.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Бара да и се достави Одлука број 16-7024/1 од 28.08.1995 година |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска Вашето Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое барате Одлуката која се однесува на утврдување прометна вредност на земјиште по катастарски општини, Ве известуваме дека согласно извршената проверка во нашите евиденции, констатирано е дека Управата за јавни приходи како имател на информации од јавен карактер, не располага со бараната одлука. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 29 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-7255/1 |
| Датум: | 01.12.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | се бараат информации во врска кои се даночните обврски на странско претставништво основано на територијата на РСМ. Во смисла дали претставништвата имаат било какви издатоци по основ на данок како и дали учествуваат во правниот промет ?? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска со Вашето барање на мислење, Управата за јавни приходи-Генерална Дирекција Скопје, Ве известува:<br>Во Законот за трговските друштва, во натамошен текст ЗТД (објавен во "Сл. Весник на РМ" бр. 28/04...120/18), поточно во ОСМИ ДЕЛ СТРАНСКО ТРГОВСКО ДРУШТВО И СТРАНСКИ ТРГОВЕЦ – ПОЕДИНЕЦ, ВТОРА ГЛАВА се наведени одредби кои се однесуваат на работењето на подружници и претставништва на странски лица. Согласно член 585 од ЗТД, странското друштво има право да организира подружници и претставништва како свои организациони единици или на друг начин да врши определени работи и да презема обврски, да остварува право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под условите определени со закон.<br>Правното постоење и обемот на својата правна способност во случај на сомневање или оспорување го докажува странското друштво. Според член 596 од ЗТД, странско друштво, коешто има право да врши трговска дејност според националното законодавство може да организира трговско претставништво во Република Македонија. Претставништвото нема својство на правно лице и не може да врши трговска дејност. Начинот, постапката на уписот и органот кај којшто се врши упис на претставништвата ги пропишува Владата на Република Македонија.<br><br>Од аспект на Законот за данокот на добивка Согласно член 4 од Законот за данок на добивка (во натамошен текст:ЗДД) објавен во „Сл.весник на РМ", бр.112/14...232/19 и „Сл.весник на РСМ", бр.275/19, Обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на Република Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство. Резидент, во смисла на ставот (1) на овој член, е субјектот кој е основан или има седиште на територијата на Република Македонија. Според член 5 од ЗДД, обврзник на данокот на добивка е и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на Република |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | Македонија. Согласно сето наведено, претставништвата на странските правни лица не ги задоволуваат критериумите на член 4 и 5 од Законот за данокот на добивка. Претставништвото на странското правно лице кое не врши трговска дејност според горенаведените закони, не подлежи на оданочување согласно одредбите од Законот за данокот на добивка и не е во обврска до Управата за јавни приходи за достави даночен биланс за оданочување на добивка. Ова е мислење на Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци во Министерство за финансии / Управа за јавни приходи и истото нема правна сила на толкување на закон и неможе да претставува основа за негово користење, или употреба како доказ пред суд или други органи и институции за остварување на одредени права во корист на подносителот.<br>Надлежен орган за давање на овластено толкување на Закон е Собранието на Република Северна Македонија согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија." |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 30 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-7694/1 |
| Датум: | 22.12.2020 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | • Листа на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2020 година.<br>• Листа на правни субјекти кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2020 година.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2020 година.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои користеле некои од мерките на економските пакети на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19 |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 02-7694/1 од 22.12.2020 година во однос на бараната информација за достава на Листа на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2020 година, Листа на правни субјекти кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2020 годин, Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2020 година и Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои користеле некои од мерките на економските пакети на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19<br>согласно податоците со кои располага УЈП, Ви ги доставуваме следните податоци:<br>• Во однос на точките од барањето кои се однесуваат на дадени примени донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавните дејности од вкупно примени 1122 Извештаи за дадена/примена донација во 2020 година:<br>• 23 Извештаи се однесуваат на донации дадени од страна на физички лица во вкупен износ од 945.048 денари;<br>• 54 Извештаи се однесуваат на донации дадени од страна на непрофини организации (здруженија и фондации) во вкупен износ од 10.776.886 денари;<br>• (Податокот за здруженија и фондации кои донирале е добиен со исклучување на трговски друштва, агенции, јавни установи, буџетски корисници од податоците согласно поднесените Извештаи).<br>• 157 Извештаи се однесуваат на донации дадени на непрофитни организации (здруженија и фондации) во вкупен износ од 38.186.765 денари.<br>(*Податокот е добиен со исклучување на јавните установи, болници, училишта, спортски субјекти, верски и религиозни субјекти од податоците согласно поднесените Извештаи*) |